Врз основа на член 31-а став 7 од Законот за персоналниот данок на доход („Службен весник на Република Македонија” бр. 80/93, 70/94, 71/96, 28/97, 8/01, 50/01, 2/02, 44/02, 96/04, 120/05, 52/06, 139/06, 160/07, 159/08, 20/09, 139/09, 171/10, 135/11, 166/12, 187/13, 13/14, 116/15, 129/15, 199/15, 23/16 и 190/17), министерот за финансии донесе:

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ, ПОСТАПКАТА И УСЛОВИТЕ ЗА ВРАЌАЊЕ НА ПЛАТЕНИОТ ДАНОК НА ДОХОД ЗА ПРИХОДИ ОСТВАРЕНИ ОД ПРОДАЖБА НА СОПСТВЕНИ ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ

## Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот, постапката и условите за враќање на платениот данок на доход за приходи остварени од продажба на сопствени земјоделски производи .

## Член 2

Враќањето на платениот данок се врши на лицата кои ги исполнуваат условите од членот 31-а ставови 2 и 6 од Законот за персоналниот данок на доход.

## Член 3

Врз основа на податоците од потврдените годишни даночни пријави, се изготвува листа на обврзници на кои треба да им биде вратен платениот данок која се доставува до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, заради потврдување или коригирање на податоците.

По проверка на податоците од листата од ставот 1 на овој член, преку споредување со податоците од Единствениот регистар на земјоделските стопанства и други податоци со кои што располага Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство листата по потврдување или коригирање се доставува до органот за јавни приходи.

Враќањето на платениот данок се врши најдоцна до крајот на годината која следи по годината за која што се однесува потврдената годишна даночна пријава.

## Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 20-6281/1
24 декември 2018 година
Скопје

Министер за финансии,
д-р **Драган Тевдовски**, с.р.